ИНФОРМАЦИЈА
ЗА УЛИЧНИ ДЕЦА/ДЕЦА НА УЛИЦА



Улични деца/деца на улица

Секое дете кое не достигнало зрелост, а се наоѓа на улица (во најширока смисла на зборот, вклучувајќи ги и ненаселените делови, пустелии итн) може да се третира како дете на улица се додека одредено место не стане негово вообичаено место на живеење и се додека не му се обезбедени средства за живот, соодветна заштита и надзор од страна на одговорни возрасни лица.



UNCHS-*Швајцарија во 1983*

Меѓународни документи и конвенции кои ги пропишуваат и гарантираат правата на децата и предвидуваат нивна заштита од злоупотреба и експлотација

- **Конвенција на правата на детето**

  Член 32: Државите членки му го признаваат правото на детето за заштита од економска експлотација и работа врз дејности кои може да бидат опасни или да му го попречуваат образованието на детето или да му наштетат на здравјето на детето, односно на неговито физички, духовен, морален или социјален развој.

- **Милениумски развојни цели на Обединетите нации**

  Цел 2: Обезбедување на основно образование за сите деца со препорака - да се осигура дека до крајот на 2015 година насекаде, сите момчиња и девојчиња, да бидат во можност да завршат основно образование

  Цел 3: да се надминат прблемите кои создаваат родова нееднаквост и да се преземаат мерки за зајакнување на жените

  Да се преземаат мерки за намалување на сиромаштијата која е главна пречка за остварување на правото на едукација, посебно кај женските деца

- **Хашка конвенција за меѓународно грабнување на децата**:

  Ги обврзува земјите потписнички да преземаат мерки за итно враќање на децата кои се незаконито одведени или задржани во некоја држава како и да се остварат правата на грижа, видување и почитување на детето според законот на државата членка.



- **Европска конвенција за остварување на правата на децата**

  Со која исто така се обврзуваат државите членки да ги преземат сите соодветни законски административни и други мерки за имплеметација на правата признати во Конвенцијата.

- **Дополнителен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија**

  Претставува документ кој ги пропишува мерките кои земјите членки треба да ги преземат за заштита на децата од продажба и детска порнографија.

- **Конвенција за забрана и елиминација на сите видови на детски труд**

  Ги обврзува државите на ефикасно елиминирање на најлошите форми на детски труд, ја потенцира важноста за бесплатно основно образование и потребата за отстранување на најлошите форми на работа на децата и нивно интегрирање, согласно потребите на семејството.



Нормативни рамки за заштита на децата на улица во Република Македонија

Закон за заштита на децата

- Се забрануваат сите облици на експлотација, комерционално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на децата (чл. 9 ст. 2)

Закон за социјална заштита

- За заштита на децата на улица се предвидува формирање на дневни центри за улични деца- деца на улица, во кои на децата и на членовите на нивните семејства им се обезбедува лична хигиена, исхрана, воспитно – едукативни услуги, советувалишна работа, културно – забавни и рекреативни активности (чл.140 ст.1)

Закон за семејството

- Се забранува секаков вид на семејно насилство без разлика на пол и возраст. Под семејно насилство се забранува малтертирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чуство на несигурност, загразување или страв(член 94 б)
- На родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо ги занемарува родителските должности, покрај другото и со тоа што го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст може да му се одземе родителското право со решение на суд (член 90)



- Центарот за социјална работа врши надзор над вршењето на родителското право, превзема мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето, ги предупредува на недостатоците во воспитанието и развојот на детето, презема мерки за правилно да се развиваат и воспитуваат деџцата , а може родителите сами или заедно со детето да ги упати да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа.

Закон за основно образование и Закон за средно образование

- Секое дете има право на основно и средно образование. Основното и средното образование е бесплатно и задолжително.
- На уличните деца истото им е оневозможено, при што за нивно вклучување преземаат мерки центрите за социјална работа, а особено дневните центри, а и со бесплатните учебници и превоз се стимулира нивно вклучување во образовниот процес

Закон за малолетничка правда

- Со Законот и децата на улица се третираат како деца во ризик спрема кои надлежните органи се должни да преземаат превенитивни мерки и мерки за помош и заштита.
- За дејствие на дете кое што со закон е определено како кривично дело или прекршок, како за дејствие на помлад или постар малолетник во ризик кое е определено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор до три години или прекршок, како и за други состојби на ризик се известува Центарот за социјална работа, надлежен според местото на живеење. (член 18)
- Центарот го повикува детето и неговото семејство, покренува постапка од доверлив карактер заради утврдување на фактичките околности. На разговорот присуствува адвокат за кој ги заштитува правата и интересите на детето.(член 19) **?**



- Децата жртви на казниви дела имаат право на посебна заштита. (член 138)
- Имаат право на обештетување и право на рехабилитација и ресоцијализација.
- За превенција на малолетничко престапништво е формиран Државен совет избран од Собранието на Република Македонија, а треба да се формираат и општински совети.



Кривичен законик

- Родител, посвоител, старател или друго лице кое со грубо запоставување на својата должност за грижа и воспитување, ќе го запушти малолетното лице или ќе го малтретира ќе се казни со затвор од 3 месеци до 3 години (член 201 став 1)
- Со казна затвор од три месеци до три години ќе се казни родител, старател или друго лице кое присилува малолетно лице на работа што не одговара на неговота возраст и физичка сила или од користољубие го наведува на питање или вршење на други дејствија што се штетни за неговиот развоток.(член 201 став 2)

Закон за прекршоците против јавниот ред и мир

- Кој ќе се затекне да пита ќе му се изрече глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска против вредност (член 24)
- Родител или старател чие дете, поради занемарено грижење врши прекршоци од овој закон ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска против вредност. (член 34)



Закон за матична евиденција

- Раѓањето на дете се пријавува писмено или усно на записник на матичарот од матично подрачје на кое се родило дете, во рок од 15 дена од денот на раѓањето. (член 6)
- Здравствена организација е должна да го пријави раѓањето на детето во организацијата. За дете кое не е родено во здравствена организација пријавувањето го врши таткото на детето, односно лицата во чиј стан детото е родено, мајката штом ќе биде способна за тоа или здравствениот работник кој учествувал во породувањето. Ако ги нема наведените лица или не се во можност да пријават, раѓањето може да го пријави лицето кое дознало за тоа. (член 7)
- Глоба во износ од 500 до 2000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на јавната установа ако во пропишаниот рок не го пријави раѓањето на детето. Ќе му се изрече глоба во износ од 200 до 490 евра во денарска против вреднос и на одговорното лица во здравствената установа и друго правно лице. (член 31)
- Глоба во износ од 30 до 100 евра ќе му се иреч̀е на физичко лице не го пријави раѓањето на детето во предвидениот рок. (член 32)
- Децата на улица во најголем број случаи не се запишани во матичната евиденција на родените поради што им е оневозможено остварување на основните права (образование, здравствена заштита и др.)



Состојба во Република Македонија со децата на улица- улични деца

Проблемот со децата на улица станува се поактуелен и поприсутен. Почитувајки ги начелата за најдобар интерес на децата, правото на децата за живот, опстанок и развој, недискриминација и еднакви можности Министерството за труд и социјална политика развива стандарди и механизми за давање на сеопфатен одговор на ова појава.

Министертвото проценува дека бројот на деца на улица е околу 1000 и дека околу 95% се од Ромската националност, и притоа забележана е принудата како една од главните причини за трудова експлотација и питачење.

Од страна на Министерството за труд и социјална политика е изготвен ***Мултидисциплинарен протокол за постапување со деца на улица*** каде е воведен унифициран и стандардизиран начин на постапување со децата на улица во Републиката. Се цел овој протокол да биде подостапен до јавноста и дозасегнатите страни, реализирани се тематски работилници со локалните совети за превенција. (Главниот фокус на работилниците се однесуваше на унапредување на довербата помеѓу заедницата, полицијата, локалните и социјалните служби за решавање на прашањата поврзани со етничките роми, каде има најголем проблем деца на улица.)

Отворен е 24 часовен транзитен центар за згрижување на деца во социјален ризик на територија на град Скопје за зајакнување на капацитетите за заштита и згрижување на децата на улица.

Се зајакнуваат стручните потенцијали во центрите за социјална работа со што активно и континуирано ќе се врши надзор над родителското право и ќе се преземаат мерки спрема родителите што ги злоупотребуваат своите деца (за 10 деца на улица на родителите им е одземено родителското право)

ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ ОД ЦЕНТРИТЕ

Во 9 центри за социјална работа во Република Македонија се евидентирани деца на улица



БРОЈ НА ЕВИДЕНТИРАНИ ДЕЦА НА УЛИЦА

Регистирани се 719 деца на улица, но тој број е не е конечен.Голем е бројот не деца кои се на улица и питаат, а не се евидентирани во центрите и дневните центри.



Број на евидентирани деца во ЦСР:

- **Скопје: од 2004 година до сега 600 деца**
- **Битола: 68 деца**
- **Кичево: 22 деца**
- **Струмица: 12 деца**
- **Куманово: 7 деца**
- **Прилеп: 4 деца**
- **Кочани: 3 деца**
- **Ресен: 2 деца**
- **Кавадарци: 1 деце**

ПОСЕБНИ ИНФОРМАЦИИ НА ДЕЛ ОД ЦЕНТРИТЕ ЗА КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ :

Во 6 центри се забележани деца на улица кои питаат, но доаѓаат од подрачјето на други општини односно од други центри за социјална работа

- **Тетово**: Нема евидентирано деца на улица, но по спореведена акција со МВР се детектирани 19 деца , класифицирани како деца на улица, но е утврдено дека не се од Тетово. Утврдено е дека под инструкции на полнолетни сродници биле пуштани на улица. Од страна на ЦСР е укажано на позитивните норми на однесување и последиците за несоодветното однесување.

- **Берово:** официјално не се евидентирани деца на улица, но три деца од семејство кое останало без дом и е сместено во центар за бездомници во Скопје биле работно искористувани од родителите и не посетувале редовно образование

- **Дебар**: нема евидентирано деца на улица, но при теренски акции евидентирани се 26 деца на улица но истите доѓаат од општините Прилеп, Битола и Неготино.

- **Охрид**: нема евидентирано деца на улица, но при теренски акции евидентирани се деца на улица - пролазници и нивни родители, жители на други градсови како на пр. Битола, Прилеп, Кавадарци, Кичево, Штип – најчесто се од ромска националност. Поради туристичката сеозна, овој проблем е најмногу изразен во летниот период. Подолг период ЦСР, СВР и Црвен крст од Охрид се залагаат за отварање на 24 часовно прифатилиште.

- **Гевгелија**: нема евидентирано деца на улица, но има појава на семејства за време на пазарните денови кои питаат. Тие се од други градови и истите се враќаат во своите места на живеење.

- **Штип**: не се едвидентирани деца на улица иако се забележани деца на улиците што питаат, а кои најчесто потекнуваат од дисфункционални семејства, семејства кои примаат социјална помош. Дел од овие деца се евидентирани како деца во ризик или деца сторители на казниви дела. Во податоците од овој центар не е наведен број на овие деца дел од овие деца биле сместени во згрижувачки семејства.

ВИД НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА

Од евидентираните деца на улица, околу 75% се занимаваат со питање , а останатите 25% се занимаваат со бришење на вертобрански стакла на раскрсници и со други улични работи



- Кичево: со питање но понекогаш мијат стакла на семафор.
- Куманово: сите питаат
- Прилеп: со питање
- Струмица: со питање
- Битола: со питање
- Кавадарци: со питање
- Кочани со питање и со ситни кражби
-Скопје: најголемиот дел со питање а дел со бришење ветробрански стакла или со собирање и продавање на отпад.
- Ресен: со питање

ДНЕВНИ ЦЕНТРИ:
Дневни центри со кои се опфатени деца на улица –улични деца во Републиката



- Скопје има 2 дневни центри (Кисела Вода и Автокоманда)во кој се опфатени вкупно 455 деца на возраст од 4 - 14 години. (од 600 евидентирани).

- Битола има еден дневен центар во кој се опфатени 13 деца (од вкупно 68 евидентирани)

- Дневни центри имаат отворено и некои невладини организации.

Констатации и препораки на Заводот за социјални дејности –Скопје за работата на Дневните центри во Скопје

Констатации :

Во текот на месец мај 2010 година, Заводот за социјални дејности има изготвено евалуација за начинот на работа на двата дневни центри за работа со деца на улица во Скопје - Кисела Вода и Автокоманда.

Од доставениот извештај на оценката за работата на центрите за деца на улица заклучено е следново:

- Дневните центри за згрижување на деца на улица во Скопје во голема мера ги реализираат своите законски надлежности и оставруваат големи резултати во поглед на секундарната и терцијалната превенција на појава на социо-патолошки проблеми кај оваа популација
- Делумно се работи со родителите на децата
- За дел од родителите се применува мерката надзор над родителското право, но истата треба почесто да се практикува
- Се преземаат мерки за вклучување на децата во образовниот процес
- Нивото на хигиена е на задоволително ниво.
- Вклучување на волонтери во работата на стручниот кадар во дневните центри е согледана како позитивна пракса.



Препораки од Заводот за социјални дејности за унапредување на квалитетот на социјалната заштита на децата на улица и членовите на нивните семејства

Согласно страндардите на ЕУ, со примена на принципите на економичност, ефикасност и ефективност, потребно е зголемување на бројот на дневни центри, отворени во општините на локалната самоуправа кои се воедно и место на живеење на овие деца.

- Потребно е вклучување на стручен работник од ЈУ МЦСР во работата на дневните центри кој би бил координатор на активностите и на соработката помеѓу центрите. Освен тоа, потребно е и ангажирање на лице кои го познаваат ромскиот јазик, култура и традиција за остварување на подобра комуникација со децата и нивните родители.

- Продолжување на работата со родителите преку различни форми на поддршка за зајакнување на родителските капацитети и едукација за родителските права и обврски.

- Унапредување на досегашната пракса за задолжителна примена на надзорот над родителското право.

- Подигнување на нивото на хигиена на Дневните центри за деца на улица, со цел да се превенира појава на инфекции и зарази.

- Континуирано да се обезбедува соодветни едукативни-наставни материјали.

- Да се зајакне соработката со невладиниот сектор, посебно со организациите кои се дирекни даватели на згрижувачки, образовни, здравствени и социјални услуги.



НАЧИН НА РАБОТА :

Во секој центар каде има евидентирано деца на улица се изготвува план на работа со децата



- ЦСР: Скопје, Кичево, Прилеп, Битола и Кочани имаат изготвени индивидуални планови за работа.

- ЦСР Кавадарци : во изработка.

ОБРАЗОВАНИЕ:

Од вкупниот број на евидентирани деца, 17% од децата се вклучени во обрзовниот процес.



- Кичево: 4 деца се вклучени од вкупно 22 деца
- Куманово: не е вклучено ниту едно дете од вкупно 7 деца
- Прилеп: сите 4 деца се вклучени
- Струмица: сите 12 деца се вклучени.
- Битола: ниту едно дете не е вклучено од вкупно 68 деца.
- Кавадарци: било вклучено,сега не е
- Кочани не се вклучени (вкупно 3)
- Скопје од вкупно 600 деца , 100 се вклучени во образованиот процес.
- Ресен: 4 деца се вклучени во образовниот процес.

МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА :

Околу 37% од децата на улица не се запишани во матичната евиденција (се преземаат мерки за нивно запишување во соработка со МВР, Министерството за правда и МТСП)



- Кичево: сите за запишани во матичната евиденција
- Куманово: не е даден податок дали се запишани во евиденција
- Прилеп: сите се запишани
- Струмица: 5 деца не се запишани во евиденција
- Битола: 40 од децата кои го посетуваат центарот се запишани во матичната евиденција, а 28 не се запишани
- Кочани: сите за запишани
- Скопје: 240 деца (40%) не се запишани во матичната евиденција

СОЦИЈАЛНА ПОМОШ:
Обезбедена социјална или друг вид парична помош



- Кичево да користат
- Куманово: на 5 семејства им е обезбедена социјална помош
- Прилеп: корисници на социјална помош и еднократна парична помош
- Ресен – децата сместени во установа родителот користи социјална помош
- Битола: 29 семејства користат, 28 семесјтва не користат помош останатите се опфатени со други облици на заштита
- Кавадарци: на семејството му е обезбедена социјална помош, уживатели на кујна, опрема за изградба на простории за живеење.
- Кочани –обезбедена соц. помош
- Скопје на повеќето семејства им е обезбедена социјална помош

ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА:
На децата на улица им се обезбедува соодветна здравствена заштита, освен на 1,6%



- Кичево:здравствено се осигурани (22 деца)
- Куманово:здравственосе осигурани (5 деца)
- Прилеп :здравствено се осигурани (4 деца)
- Струмица не се здравствено осигурании (12 деца)
- Битола :осигурани сите 68 деца
- Кочани имаат обезбедена здравст. заштита
- Скопје им е обезбедено на сите 600 деца
- Кавадарци- детето е здравствено осигурано

ДЕЦА НА УЛИЦА КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА:
Од вкупниот број деца, околу 9,3% се евидентирани како сторители на кривични дела

-



- Кичево :1 дете од вкупно 22
- Куманово нема податоци за евидентирани деца - сторители на кривични дела
- Прилеп сите 4 деца се евидентирани како сторители
- Струмица :4 деца се евидентирани со сомневање како сторители на кривично дело
- Битола децата кои го посетуваат центарот не се евиндетирани како деца на ризик или сторители на кривични дела.
- Кочани просат и се занимаваат со ситни кражби.
- Скопје 55 деца питаат и оддадени на кражби . Упатени се во воспитна установа.

СЕМЕЕН СТАТУС НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА
Евидентираните деца имаат родители



- Кичево: живеат со родители голем дел од децата, 2 самохрани мајки
- Куманово: 5 деца имаат родители 2 деца немаат и живеат со своите роднини
- Прилеп сите 4 деца имаат родители
- Струмица: сите 12 деца имаат родители, 5 деца потекнуваат од исто семејсво
- Битола: децата кои го посетуваат центарот живеат во комплетни семејства
- Кавадарци живее со таткото
- Кочани имаат родители
- Скопје сите имаат родители, но има и деца од еднородителски семејства како и деца кои се вонбрачни и со непреизнаено татковство.

ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА КАКО ПОСЕБЕН ВИД НА ЕКСПЛОТАЦИЈА

Еден од најтешките облици на сексуално и експлататорско искористување и злоупотреба на децата е трговијата со деца. Децата на улица се често жртви на трговија. Од истражувањето на Народниот правобранител е констатирано следново:

- Најголемиот број евидентирани деца жртви на трговија во Република Македонија се од женски пол на возраст од 14 до 16 години.
- Сите центри немаат разработен и воспоставен соодветен систем за информирање и запознавање на децата жртви со нивните права и децата не учествуваат активно во спроведувањето на индивидуалните планови за работа.
- На децата ретко им се дава можност да го изнесат своето мислење во врска со предвидените мерки и одлуки што се однесуваат на нивната заштита и помош.
- На сите деца жртви не им се поставуваат старатели, нема обучени посебни старатели.
- И покрај законската обврска центрите за социјална работа не донесуваат решение за надзор над вршењето на родителското право кога е евидентирано дете жртва на трговија.
- Со цел детето да остане или да се врати во своето семејство центарот не секогаш работи со семејството и дава сооодветна стручна помош.



- По враќањето во семејството центрите не секогаш се доволно инволвирани во реинтеграцијата на детето жртва иако е неопходно и по враќањето на детето во семејството континуирано да се следи состојбата.
- Се уште не се преземаат соодветни мерки за рехабилитација и ресоцијализација на децата жртви.

Во таа смисла, Народниот правобранител даде повеќе препораки, меѓу кои :

- Неопходна е посебна едукација на децата за појавата на трговија со деца и за нејзините разни форми и можните начини на вовлекување на децата.
- Центрите за социјална работа да имаат проактивна улога во преземањето на превентивните мерки за заштита на децата во ризик кои би можеле да станат жртви на трговија.
- Во Министерството за внатрешни работи и во центрите да има посебна просторија прилагодена за деца и сослушувањето да го врши обучено лице кое знае соодветно да постапува со оваа категорија на деца.
- Да се постави старател и да биде обучен за работа со дете жртва на трговија со луѓе.



- Центрите да воспостават разработен и соодветен систем за информирање и запознавање на децата жртви со нивните права и можностите за нивно остварување и заштита.
- Доколку се утврди дека семејството и приликите во него довеле детето да стане жртва на трговија, а сите превентивни и натамошни стручни мерки не го подобрат односот на родителите кон детето, да се изврши времено одземање на родителското право.
- Со цел детето да остане или да се врати во своето семејство покрај здравствената и психосоцијална заштита и помош на детето неопходно е центарот да работи и со семејството и да му дава соодветна стручна, а не само материјална помош.
- Центрите за социјална работа да имаат постојана соработка со прифатилиштата и континуирано да бидат вклучени во работата со жртвата, односно стручниот тим од прифатилиштето да има соодветна поддршка од центрите во однос на стручната работа со жртвата.
- Да се обучи доволен број стучни работници во сите центри за социјална работа во Република Македонија.
- Да се создадат практични услови за преземање соодветни мерки за рехабилитација и ресоцијализација на децата жртви и да се воспостави соодветен, адекватен и воедначен систем за рехабилитација и репартијација.



З А К Л У Ч О Ц И

- **Поради сиромаштијата, невработеноста, условите и околината во која живее одредена категорија граѓани во Република Македонија се уште има деца што поголемиот дел од своето време го поминуваат на улица и на најразлични начини обезбедуваат средства за егзистенција не само за себа туку за целото семејство и тоа начесто со просење.**

- **Не е за занемарување бројот на деца на улица кои најчесто питаат и на кои не им се обезбедуваат услови за нормален раст и развој.**

- **Најголемиот број деца на улица имаат родители и начесто се принудени и злоупотребени од родителите за да питаат на улица или да вршат други работи како што е бришење на автомобилски стакла или продавање на ситни предмети.**

- **На децата кои своето слободно време го минуваат на улица им се загрозени основните права, а особено им се загрозува здравјето, им се ограничува правото на образование, правото на игра рекереација и други права.**





- **Родителите на децата на улица несоодветно го вршат родителското право и трудово ги експлотирааат и злоупотребуваат своите деца, а запоставувањето и негрижата за детето преставува сериозна опасност за неговито правилен психофизички развој и доведуваат децата да дојдат во судир со законот или да бидат злоупотребени од други лица(трговија со деца, сексуална или друг вид на злоупотреба**

- **Загрижува што според податоците на центрите голем дел од бројот на евидентирани деца на улица се со криминално однесување и дека покрај работата со децата и со родителите состојбата не се менува на подобро.**

- **Дел од децата на улица не се запишани во матичната евиденција на родени, немаат државјанство или било каква документација, со што им е оневзможено да ги остваруваат своите права.**



П Р Е П О Р А К И



1. Да се преземат мерки за намалување на сиромаштијата и државата да предвиди обврска за обзебедување на барем минимим средства за егзистенција за секое дете во државата за да не биде принудено средства за егизистенција да обезбедува на улица со питање или со вршење на криминални дејствија.
2. Да се преземаат мерки за вработување на родителите на овие деца или за обезбедување на соодветен вид на социјална заштита и помош за да материјалната состојба не биде причина родителите да ги користат своите деца за обезбедување на егизтенција.
3. Да се едуцираат децата но и родителите за детските права, а спрема родителите кои и покрај предходно преземените мерки за помош и заштита продолжуваат да ги злоупотребуваат своите деца, да се преземаат соодветни мерки за правилно вршење на родителските права и обврски или ограничување и како последна мерка одземање на родитеслкото право доколку по спроведена постапка се оцени дека тоа е во најдобар интерс на детето.
4. Центрите за социјална работа да преземат превентивни мерки за да се спречи деца од ризични семејства да станат деца на улица и да изнајдат начин да ги опфатат сите деца што се на улица и питаат, за што е неопходно вршење на редовен надзор над родителското право во сите семејства каде што има индиции дека на децата не им се обезбедува соодветна грижа и соодветно и правилно воспитување.

5. **Да се спроведува законска обврска на единиците на локална самоуправа да водат грижа за социјалните проблеми на населението, а посебно за заштита социјалните права на уличните деца (член 22 точка 7 од Законот за локална самоуправа)**

6. **Да се преземат мерки за остварување на сите права на децата на улица особено во поглед на остварување на здравствената заштита и правото на образование, односно да се преземат мерки сите деца да бидат вклучени во образовниот процес и редовно да посетуваат настава.**

7. **Спрема децата на улица како деца во ризик согласно Законот за малолетничка правда да се превземат мерките предвидени со овој закон заради спречување да дојдат во судир со законот или ако дошле во судир со законот мерки за помош и заштита и за нивна рехабилитација и ресоцијализација.**

8. **Да се преземат понатамошни мерки како во поглед на измени и дополнувања на законската регулатива така и во поглед на нејзина практична имплеметација со цел секое дете родено во Република Македонија да се запише во матична евиденција на родени и под законски услови да се стекне со државјанство.**



9. Да се отворат повеќе дневни центри во подрачјата каде живеат оваа категорија на деца заради поголема достапност, а центрите да работат 24 часа заради евентуална потреба од згрижување деца кои ќе бидат затекнати на улица во ноќните часови.

10. Да се направат подостапни здравствени услуги на оваа категорија деца и да се обезбеди бесплатна здравствена заштита и снабдување на неопходни лекарства

11. Да се формираат повеќе мобилни тимови што ќе работат на терен со децата на улица и ќе обезбедат нивно интегрирање во општествената заедница.

